**Општина Охрид**

Бр.09-699/15

Охрид, 27.05.2024 г

ГРАДОНАЧАЛНИК

Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид

Тел. (046) 262-492
Фах. (046) 262-545
www.ohrid.gov.mk

Врз основа па член 50 од Законот  за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02) и член 34 од Статутот на Општина Охрид  („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), а во врска со член 27 став (5) и член 50 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. весник на РСМ“бр. 32/20 и 111/23),  Градоначалникот на Општина Охрид, упатува:

**ПОВИК**
**за организирање јавна анкета и јавна презентација за нацрт Детален урбанистички план за УЗ 12 УБ 12.3 опфат 2, Општина Охрид**

Се известуваат граѓаните , сите заинтересирани правни и физички лица од подрачјето на опфатено со планот, претставници на стручната јавност, претставници на органите на државната управа, на единиците на локалната самоуправа, на институции надлежни за заштита на недвижното културно наследство и на комуналните претпријатија и претпријатијата чијашто дејност е од јавен интерес, како и научно-стручните институции од сите области суштествени за планирањето и планскиот опфат, стручни лица од невладините организации и други физички лица што се стручни од областите релевантни за планирањето,  дека Општина Охрид организира јавна анкета и презентација за **Нацрт Детален урбанистички план за УЗ 12 УБ 12.3 опфат 2, Општина Охрид**, **плански период 2022-2027**, со тех. бр. 74/21-22 од јануари 2024год., изработен од ДПУП "Пологпроект-ПРО" доо Гостивар.

**Граници на олански опфат**

Планскиот опфат е со површина од 1.09 ха и неговата местоположба е дефинирана во границите на:

- ул.,,Болничка”(Сервисна улица-Се12.2)
- ул.,,Новопланирана 1-а”(Станбена улица)
- ул.,,Новопланирана 2-а” (Станбена улица)
- ул.,,Новопланирана 3-а”(Станбена улица)

**Јавната анкета**

Јавната анкета на Нацрт Детален урбанистички план за УЗ 12 УБ 12.3 опфат 2, Општина Охрид, плански период 2022-2027, со тех. бр. 74/21-22 од јануари 2024 год., изработен од ДПУП "Пологпроект-ПРО" доо Гостивар ќе трае од **12.06.2024 до 12.07.2024 год.** Стручната служба ќе дава објаснување секој работен ден од 12 до 14 часот во просториите на Општина Охрид.

Заинтересираните граѓани и правни лица своите предлози ,забелешки и мислења можат да ги достават на анкетни листови во хартиена форма  додека трае јавната анкета, .

Општина Охрид

ГРАДОНАЧАЛНИК

Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид

Тел. (046) 262-492
Фах. (046) 262-545
www.ohrid.gov.mk

## Јавна презентација

Јавната преентација ќе се одржи во големата сала на Општина Охрид на ден **10.07.2024 год.**со почеток во **12.00 часот**

## Достап до информации

Заради обезбедување пристапност и увид од страна на граѓаните и правните лица, планот освен на електронскиот систем е-урбанизам, ќе биде истакнат во холот на општина Охрид пред големата сала за состаноци, ќе биде објавен на web страната на Општина Охрид, а Повикот за организирање на ЈА и ЈП ќе биде објавено информацискиот систем е-урбанизам, на веб-страната на општината , со печатени плакати и соопштенија во и околу подрачјето на планскиот опфат.




ГРАДОНАЧАЛНИК
**Кирил Пецаков**

Kiril Pecakov
Digitally signed by Kiril Pecakov
Date: 2024.05.27 11:35:50 +02'00'